Жаклина Михајлова

# ПО УТРОТО ДЕНОТ СЕ ПОЗНАВА

матица

**Жаклина Михајлова**
**ПО УТРОТО ДЕНОТ СЕ ПОЗНАВА**

Едиција
ШЕПОТОТ НА ПРЕДЦИТЕ

*Издавач*
МАТИЦА МАКЕДОНСКА
Скопје, 2016

*Директор*
ДЕЈАН Павлески

*Главен уредник*
Раде Силјан

*Илустрации*
Бубе Донска

*Електронска реализација*
Методија Николовски




- Добро баба Бота! Сè запомнив. Кога ќе станам ќе си го направам утрото среќно, зашто ти ми кажа дека „По утрото денот се познава“! Ќе видиш, бабичке!
- Добра ноќ македонска принцезо, бабина!




- Колку е убав денот денеска! Добро утро, Нине! Денеска, уште од изутрина, ќе ги направам сите среќни!


- Мила мамичке, ти си најубавата мајка на светот и правиш најубави питулици со сирење! Многу те сакам! Еве, пикни ја раката во мојата волшебна кутија и зграби си малку среќа за цел ден.
- Мила Нине, мамина! Колку сум среќна што си моја ќерка!




- Ја направив мама среќна, денеска денот ќе и биде весел.


- Те молам бате, земи си радост. Баба ми кажа ако си радосен наутро, цел ден ќе бидеш радосен.
- Ајде Нина, не кажувај приказни!
- Земи си, те молам! Ама треба да се насмееш прво! Е, е, е, токму така!




- И Филип се смее. Си зграби малку радост и сега е радосен!


- Еден, два, три! На тројца татковци им дадов добрина! Многу сум добра денеска. Браво за мене!




Nina
- Повелете, повелете, послужете се со добрина ова утро, зашто баба ми вели: „По утрото денот се познава“. Бидете добри денеска и насмејте се!


- Добро утро дедо Томче, добро утро дедо Мето! Што сакате вие најмногу ова утро?
- Добро утро, Нине! Јас сакам здравје!
- И јас, Нине. Здравјето е најважно за нас.




- Повелете, земете си здравје од мојата волшебна кутија! Само треба да се насмеете кога земате здравје. Баба вели: „Насмевката е лек“, а со лековите се добива здравје, нели?


- Добро утро, мајсторе! Утринава сум добра вила! Сакаш ли малку љубезност?
- Може, Нина! Од каде да земам?
- Повели, чичко возач, во оваа кутија има и љубезност и насмевки! Земи си колку ти треба за да ти траат цел ден!




- И возачот е љубезен денеска.


- Што ти е тоа под капутот, Нина?
-Нешто многу важно. Ќе ви кажам сега!
-Кога е тоа сега, Нина?
-Трпение, трпение Михаил! Ќе дознаеш наскоро!




- Учителке, ве молам јас да кажам вести прва! Знаете, моите вести треба да се кажат наутро, рано, инаку магијата ќе исчезне!
- Добро, Нина! Ајде, повели!


- Добро утро, добри деца!
- Добро утро, Нина!
- Денеска јас ќе ви зборувам за оваа волшебна кутија и за магијата на бабата на баба ми!




- Таа ѝ кажала на баба ми дека -„По утрото денот се познава“. Тоа значи дека како ќе го започнеш денот наутро, така ќе ти биде целиот ден.
- Прво, треба нешто сииилно да посакаш!
- Потоа треба да си земеш од оваа кутија, но при тоа треба убаво да се насмееш. Тогаш, цел ден тоа што го сакаш ќе биде со тебе. И, да ви кажам, ќе ви биде мнооогу убаво!


- Јас утринава сакав да бидам вредна. Ја зедов кутијата и од неа на мама и дадов утринска среќа, на Филип радост, тројцата татковци во лифтот ги послужив со добрина, на дедо Томче и дедо Мето им дарив здравје, на возачот во автобусот му подарив љубезност, а сега повелете и вие, земете си што сакате, само затворете ги очите и насмејте се. Силно посакајте нешто, а тоа нешто волшебно ќе стане ваше!




- Учителке, земете си и вие! Што најмногу сакате денеска?
- Нина, денеска, јас сакам сите деца да се послушни, умни и среќни!



- Бабичке моја најмила. Чекај да те гушне твоето Нине. Многу те сакам, бабо! Денеска ми беше најсреќниот ден во животот бидејќи, нели: „По утрото денот се познава“? Цело утро бев вредна и делев магија од волшебната кутија, а потоа цел ден бев многу, многу среќна.





- Бабичке, те молам кажи ми уште некоја друга тајна од твојата баба! Некоја стара македонска тајна, да ја поделам со другарите и другарките. Те молам, бабо!

- Утре, чедо бабино, утре ќе одиме низ градот на прошетка и баба ќе ти каже друга македонска тајна!